# Влада на Република Македонија

## Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам

# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА
# НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ
# (2018-2022)

Скопје
Февруари 2018 година

Содржина


Предговор ..... 2

ИЗЈАВА ОД ПРЕМИЕРОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..... 3

ЗАЕДНИЧКА ИЗЈАВА ОД НАЦИОНАЛНИОТ КООРДИНАТОР И ЗАМЕНИК НАЦИОНАЛНИОТ КООРДИНАТОР НА НКСНЕБПТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ ..... 4

РЕЗИМЕ ..... 5

ГЕНЕРАЛНИ СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ И БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ ..... 7

ВОВЕД ..... 9

СПРОТИСТАВУВАЊЕ НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ И ТЕРОРИЗАМ: РАЗБИРАЊЕ И УВАЖУВАЊЕ НА РАЗЛИКИТЕ, СЛИЧНОСТИТЕ И ПОВРЗАНОСТА ..... 9

МЕТОДОЛОГИЈА ЗА НАЦИОНАЛНИТЕ СТРАТЕГИИ ЗА СНЕ И БПТ ..... 13

ТЕРМИНОЛОГИЈА (ПОИМНИК НА ОПИСНИТЕ ТЕРМИНИ) ..... 15

ВИЗИЈА И МИСИЈА ЗА СНЕ И БПТ ..... 16

СТРАТЕШКА АНАЛИЗА НА ОПКРУЖУВАЊЕТО ..... 17

НАПОРИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СПРОТИВСТАВУВАЊЕ НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ ..... 23

АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА И ОБЕМ НА ПРОБЛЕМОТ ..... 24

МЕЃУНАРОДНА И РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА ..... 24

РАЗБИРАЊЕ НА ЗАКАНАТА И НЕЈЗИНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ ..... 25

НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ И НЕГОВИТЕ КОРЕНИТИ ПРИЧИНИ ..... 27

ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ ..... 28

КОНТЕКСТ И ДВИГАТЕЛИ НА НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ ..... 28

РАДИКАЛИЗАЦИЈА ВО ЗАТВОРИТЕ ..... 30

ПОТРЕБА ОД СОРАБОТКА ..... 30

ВКЛУЧЕНОСТ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И ЛОКАЛНИТЕ ВЕРСКИ ЛИДЕРИ ..... 30

ДРУГИ ИНИЦИЈАТИВИ ВО ТЕК ..... 31

ГЕНЕРАЛНИ СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ..... 31

ЧИНИТЕЛИ ..... 32

КООРДИНАЦИЈА И ОПЕРАЦИИ ..... 32

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ..... 32

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА: АКЦИСКО ПЛАНИРАЊЕ ЗА СНЕ и БПТ ..... 33

СТРАТЕШКИ И СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ ..... 33

КОНКРЕТНИ АКТИВНОСТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ..... 34

РАМКА И ГЕНЕРАЛЕН ПРИСТАП ..... 34

ПРИОРИТИЗИРАЊЕ ..... 35

МОНИТОРИНГ и ЕВАЛУАЦИЈА ЗА СНЕ ..... 36

РЕКАЛИБРАЦИЈА ..... 37

ХОЛИСТИЧКА АГЕНДА ЗА ДЕЛУВАЊЕ: Акциското планирање за „сеопфатно“ спречување на насилниот екстремизам и борба против тероризмот ..... 37

## Предговор

Владата на Република Македонија, согласно со нејзините заложби за реформа на разузнавачките и безбедносните служби во безбедносниот сектор, со задоволство ја презентира својата прва Национална стратегија за спречување на насилен екстремизам (СНЕ). Овој документ е во согласност со Стратегиите на Обединетите Нации и Европската Унија за спречување на насилен екстремизам и во соработка со регионални и меѓународни партнери кои го поддржаа Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам (НКСНЕБПТ) во неговите активности.
Со овој документ, Република Македонија се стреми да ги координира министерствата, владините и невладините институции во нивното делување.

НКСНЕБПТ изразува благодарност до сите меѓународни, регионални и домашни партнери, и владини и невладини организации кои дадоа поддршка во изготвувањето на Националната стратегијата за СНЕ.

Владата на Репубилка Македонија изразува спремност да ја продложи соработката со сите институции и организации спречување на насилен екстремизам, а во согласност со Националната стратегија и Акцискиот план за борба против тероризам (БПТ) со цел да се спротистави на овие безбедносни феномени, зачувувајќи ја стабилноста и сувереноста на државата.

НКСНЕБПТ ги поздравува посветеноста и залагањето на членовите и соработници во создавањето на стратешките документи за СНЕ и БПТ. Привилегија е да се работи со нив на изградбата на темелите за *силни семејства, силни заедници и силна држава*.

# ИЗЈАВА ОД ПРЕМИЕРОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



Република Македонија останува посветена на демократијата, владеењето на правото, почитувањето на човековите права, и еднаквоста на сите нации во меѓународната заедница.

Изложеноста на Западниот Балкан кон заканите и ризиците кои произлегуваат од насилниот екстремизам и тероризам, дополнети со феноменот на „Странските терористички борци", прават овие транснационални и трансрегионални закани да се врвни приоритети на земјата.

Нашата мултиетничка и секуларна држава го зголемува одговорот на овие закани, со поддршка на нашите регионални и меѓународни партнери.

„Планот 3-6-9" на Владата на Република Македонија покрај останатите заложби за реформи во општеството, се стреми и кон зголемување на институционалните капацитети за одговор на безбедносните предизвици. Националните стратешки документи, иако одделни, претставуваат заеднички и сеопфатен механизам на делување, кој е составен од социолошки и законски методи на т.н. „меки" и „тврди" мерки. Со овие мерки Република Македонија обезбедува бројни алатки со т.н. „СМАРТ (умна) моќ" за спротивставување на порастот на различните видови на радикализам кои најчесто водат кон насилен екстремизам и тероризам.

Република Македонија ја нагласува потребата од рана интервенција и елиминирање на радикалните идеи преку користење на т.н. меки мерки за превенција, но и тврди мерки за гонење, заради комплексниот општествен контекст.

Република Македонија има општествена и колективна одговорност за поширок одговор во спротиставувањето на насилниот екстремизам преку вклучување на верски, локални, медиумски и образовни чинители.

Воедно потребен е современ пристап за справување со заканата од тероризам со јакнење на националната безбедност и стабилност преку зголемена регионална соработка со партнерите од Балканот и пошироко.

Со цел долгорочна безбедност, сигурност, стабилност и просперитет на граѓаните на нашата земја – одлуката за формирање на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, како и изработката на новите стратешки документи (2018-2022) – се основа за заложбата на Република Македонија кон колективната сигурност и одбрана, усогласена со регионалните и меѓународните партнери што е доказ за нашата несебична посветеност за:

***Силни семејства, … Силни заедници,… и Силна држава!***

**Н.Е. Зоран Заев**
Премиер на Република Македонија

## ЗАЕДНИЧКА ИЗЈАВА ОД НАЦИОНАЛНИОТ КООРДИНАТОР И ЗАМЕНИК НАЦИОНАЛНИОТ КООРДИНАТОР НА НКСНЕБПТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ

Мораме да се посветиме на тоа да бидеме подготвени и отпорни на локално, национално и меѓународно ниво, во нашите колективни заложби и одговорности за превенирање и справување со насилниот екстремизам (СНЕ). Ова ќе се постигне единствено преку рано предупредување, со образование и контра-пораки клучни за да се спречи ескалацијата на насилниот екстремизам.

Република Македонија ја препознава и целосно ја прифаќа потребата од различно множество пристапи за да се разбере концептот на насилен екстремизам, кој може да води кон тероризам. Без јасно воспоставени индикатори, речиси е невозможна задача да се изготви пристап против радикализацијата и политичкото насилство. Некои од најпопуларните и нашироко прифатни теоретски објаснувања за мотивацијата на екстремистите вклучуваат развојна теорија, теорија на етничка компетентност и етно-културни теории за да ги истражат двигателите и факторите за социјална неправда и нееднаквост.

Исто така, мораме да ја препознаеме и прифатиме важноста на постојаниот дијалог меѓу сите припадници на верски, етнички и културни групи, земајќи го предвид нашето разбирање за директната корелација меѓу отсуството на дијалог и порастот на гневот кај младите. Потребата од поголема обука за верските водачи мора, да стане државен и национален приоритет, имајќи ја предвид нивната улога во општеството и промовирањето на здравите верски практики.

Македонија не може да се потпира само на органите на прогонот, заради што оваа стратегија се базира на холистички пристап со поголем ангажман на претставници на граѓанското општество, со превентивни мерки да се соочат со прашањето на насилен екстремизам, наместо реакција на неговите последици. Превенцијата не е инстант-решение, туку процес што трае долго. Напорите за СНЕ и БПТ не треба да се посматраат како конфликтни, туку како меѓусебно комплементарни..

Особените опасности од странските терористички борци остануваат посебна, врвна загриженост за нашата земја и нејзините граѓани. СТБ не се нов феномен во регионот; така, во текот на неколку децении, одреден број државјани на Република Македонија се бореле на боиштата во повеќе држави. Потребно е да се соочиме со вистината дека делотворноста на нашите напори, акции и активности за СНЕ и БПТ и терористичките закани се попречени од неодлучноста на заедниците да учествуваат во иницијативи за СНЕ, како резултат на различни историски тенденции за политизирање на ваквите напори и генералната заблуда за мерките за СНЕ како напад врз религијата или етничката припадност. Ова мора да се смени. А оваа нова стратегија и акциски план за СНЕ претставуваат апел, како и повик на делување за промени.

Стратегијата и Акциски план за спротивставување на формите на радикализација што може да доведат до насилен екстремизам и тероризам ја отсликуваат и потврдуваат нашата посветеност кон нови, сеопфатни и холистички, превентивни пристапи на начини што се посматраат и се прифаќаат како легитимни од страна на граѓаните на Република Македонија. На овој начин ќе се издигнеме над овие предизвици, ќе се соочиме со нив и ќе ги надминеме со:

***Силни семејства, … Силни заедници,… Силна држава!***

**Борче Петревски.**
Национален координатор за СНЕБПТ

**Целадин Ајвази**
Заменик-национален координатор за СНЕ

# РЕЗИМЕ

„Одиме напред заедно, со верба и доверба."

– Борче Петревски,
Национален координатор за СНЕБПТ

Досегашното искуството покажува дека различните стратегии често се разидуваат во посебни сегменти, при што не успеваат јасно да ја пренесат намерата кај институциите и граѓаните, и не овозможуваат ефективна имплементација на планираните стратешки цели.

Иако борбата против тероризмот (БПТ) е поинаква од спречувањето на насилен екстремизам (СНЕ) во бројни и важни начини, двете мора да се осмислени и имплементирани на кохерентен, поврзан и стратешки начин, бидејќи заканите и опасностите од насилниот екстремизам и тероризмот се испреплетени и неразделно поврзани. Затоа структурите на Националните стратегии на Република Македонија за БПТ и СНЕ се суштинско усогласени, а соодветните акциски планови (иако се два одделни документи) се одликуваат со хармонизирани принципи и одговараат на заедничко множество на двигатели и фактори.

1. **Национални заеднички насочувачки принципи за СНЕ и БПТ**
    - Принципот на уставност и законитост;
    - Принципите на владеење на правото, почитување на човековите права и слободи; недискриминација и фокус на заштитата на лични податоци;
    - Принципот на овозможување безбедна, сигурна и суверена Република Македонија;
    - Принципот на сеопфатен национален пристап
        - Владата и сите нејзини институции како целина
        - Општеството како целина
        - Функционални тимови /Работни групи/Специјални тимови
        - Меѓуинституционална соработка
        - Транспарентност
    - Принципот на добро владеење и негување на демократските вредности;
    - Принципот на почитување на мултиетничките и мултикултурните аспекти на Република Македонија;
    - Принципот на регионална и транснационална соработка.

2. **Клучни насочувачки принципи за СНЕ и БПТ**
    - Безбедни и сигурни граѓани на Република Македонија;
    - Градење на делотворни, одговорни и инклузивни институции што ќе ја поддржуваат и развиваат јавната доверба во нив;
    - Обезбедување на услови за зајакнат економскиот развој;
    - Обезбедување на национално единство и заедници отпорни на радикализација и насилен екстремизам.

3. **Заеднички двигатели и фактори на СНЕ и БПТ**
    - „Странски терористички борци";
    - Етно-религиозен екстремизам;
    - Обесправеност и радикализација;
    - „Јазол" на корупција, криминалитет и тероризам.

Овие заеднички фактори служат како контекстуални и содржински „врски" помеѓу Националните стратегии за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам во

Република Македонија. Стратегиите се поврзани институционално и организационо, согласно со „*четирите столба*“ на Глобалните стратегии за СНЕ и БПТ на Обединетите Нации (ОН) и СНЕ и БПТ стратегиите на Европската Унија (ЕУ).[1]

**СЛИКА 1. Сеопфатна интеграција со меѓународната заедница**




Двете Национални стратегиии се колективен труд на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам (понатаму НКСНЕБПТ) на Република Македонија, за постигнување на заедничко разбирање за **националните цели**, **визијата** и **мисијата** на Република Македонија. Членовите на НКСНЕБПТ потребно е да ги идентификуваат способностите, капацитетите и потребите на министерствата и институциите со цел - безбедност и заштита на граѓаните и сувереноста на Република Македонија

НКСНЕБПТ се стреми да го кодифицира заедничкото разбирање за стратешко опкружување, што дава поширок контекст на мисиите на СНЕ и БПТ и ги идентификува приоритетите, предизвиците и можностите во зајакнување на придонесот на Република Македонија во превенирањето на идни манифестации на сите форми на екстремизам и фактори што го потпомагаат патот до тероризам.

[1] „Стратегија на Европската Унија за борба против на тероризмот“, Совет на Европската Унија, Брисел, 30 ноември 2005; „Акциски план за превенција на насилниот екстремизам, Извештај на Генералниот секретар“, Генерално собрание на Обединетите нации, 24 декември 2015; „Глобална стратегија за борба против тероризмот“, Специјална група за имплементација на стратегијата за борба против на тероризмот, Генерално собрание на Обединетите нации, 2006.

**СЛИКА 2. Циклус на стратегијата**




НКСНЕБПТ има разработено сеопфатни генерални стратешки цели за насочување за напорите на земјата поврзани со СНЕ и БПТ:

**Генерална стратешка цел на Република Македонија за СНЕ и БПТ:**

*ПРЕВЕНИРАЈ; но доколку превенцијата не успее, ГОНИ (на регулиран, постепен начин, т.е., попречи, деградирај, разбиј и порази ги) терористички закани, нивните сојузници и нивните безбедни засолништа на територијата на Република Македонија,... истовремено и секогаш задржувајќи ја подготвеноста да ЗАШТИТИШ и ОДГОВОРИШ на заканите кон граѓаните и критичната инфраструктура на Република Македонија.*

## ГЕНЕРАЛНИ СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ И БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ

Предизвиците поврзани со спречувањето на насилниот екстремизам и борбата против тероризмот (и нивните причини) бараат јасно препознатливи и целосно интегрирани Стратегии и Акциски планови. Република Македонија изнајде и усвојува суштинска и темелна хармонија меѓу двете Национални стратегии и соодветните акциски планови во следниве четири (4) заеднички **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ**:

**СЛИКА 3. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ за СНЕ и БПТ**




Улогата и одговорноста[2] на НКСНЕБПТ е да обезбеди координација и кооперативно планирање и делување на повеќе нивоа во спречувањето на насилниот екстремизам и борбата против тероризмот.

[2] За подробен опис на тековните постојани официјални улоги и одговорности на НКСНЕБПТ, види, „Одлука за основање на Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам," 25 јули, 2017, Влада на Република Македонија.

## ВОВЕД

Република Македонија има стратешки важна геополитичка локација со комплексна социјална структура кои  нудат разновидни можности и предизвици. Граѓаните на Република Македонија треба да покажат заедништво во справувањето со организираните криминални активности и радикални иделогии кои повикуваат на насилство и загрозување на општествените и уставните вредности на државата.

Владата на Република Македонија има општествена и колективна одговорност да се справи со насилниот екстремизам и заканите од тероризам преку верски, локални, медиумски и образовни пристапи, истакнувајќи ги силните страни и предностите, а со цел зачувување на кохезивноста на општеството.

Насилниот екстремизам и тероризмот претставуваат растечка меѓународна закана што е значителна мотивација за потребата од подобрена и зајакната колективна безбедност и институционална соработка во стратешкото планирање и имплементација на активностите во Република Македонија. Република Македонија мора да ги пресретне овие нови и растечки предизвици со тоа што ќе ги следи прилагодливите криминални и терористички мрежи и нивните соработници и другите закани кои може да предизвикаат нестабилност на државата.

## СПРОТИСТАВУВАЊЕ НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ И ТЕРОРИЗАМ: РАЗБИРАЊЕ И УВАЖУВАЊЕ НА РАЗЛИКИТЕ, СЛИЧНОСТИТЕ И ПОВРЗАНОСТА

Од суштествена важност е да се разберат и уважат главните разлики, сличности и поврзаности помеѓу насилниот екстремизам и тероризмот со цел да се разработат сеопфатни Национални стратегии и Акциски планови, коишто на делотворен и пристапен (т.е. економичен) начин ќе градат капацитети и способности за спречување на негативните општествени појави

Разгледувањето на заканите од насилниот екстремизам и тероризмот, и нивните предуслови, коренитите причини, двигателите и уникатни локално-општински, државни и регионални контексти специфични за Република Македонија, се важна основа за развој на двете Национални стратегии и Акциски планови за СНЕ и БПТ.

Насилениот екстремизам и тероризмот се два одделни и посебни проблеми што и се закануваат на Република Македонија, на земјите од Балканот и на пошироката меѓународната заедница. Но тоа се, истовремено, два дела од поголем, поширок и поопасен „циклус“ на закани.

Двете закани, се влошуваат како единечни закани доколку не се третираат рано, често и континуирано. Уште поважно е да се разбере дека двете закани се влошуваат и кога контра-мерките се применуваат несоодветно. Примената на погрешни алатки и решенија на проблемот ќе го влошат, наместо да го минимизираат и ублажат.

СНЕ треба да се набљудува и да му се пристапува како на комплементарен дел од поширокиот пристап кон БПТ.

**СЛИКА 4. НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ И ТЕРОРИЗАМ**

## Спречување на насилен екстремизам и тероризам

*ШИРОКО ПРИФАТЕНИ ОПИСИ*

**Широк опис на НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ -**

**Се однесува на верувањата и постапките на луѓето кои го поддржуваат или користат идеолошки мотивираното насилство за да ги остварат радикалните идеолошки, религиозни или политички ставови.**

- ✓ Централен концепт на СНЕ е важноста да се адресираат „погодните услови“ за ширење на тероризмот
- ✓ Актите на тероризам не можат да се спречат само преку репресивни мерки
- ✓ Од суштинско значење е да се развијат конструктивни решенија за поплаки кои можат да бидат искористени од различни радикално идеолошки групи и нивните поддржувачи

**Широк опис на ТЕРОРИЗАМ –**

**Незаконско користење на насилство и заплашување, особено против цивили, во потрагата по исполнување на политички цели.**

- ✓ Тероризмот е сериозен криминал
- ✓ Не може и не треба да биде поврзано со било која националност, религија или етничка припадност
- ✓ Некои чести особини вклучуваат: опасности за животот и имотот; се обидува намерно да ја поткопува демократската влада, особено со обидот да влијае врз политиката и законодавците; и недискриминирачки пристапи кон таргетирање, со цел да инспирира страв и терор низ целата популација

*За секое функционално општество е потребно владеење на правото: истрага, (обвинителско) гонење, судење и затворање. СНЕ не се стреми да ги замени овие пристапи, туку да ги надополни. Секоја влада што се потпира единствено на традиционалните контратерористички пристапи и која што не го надополнува владеењето на правото со мерки што се осврнуваат на коренитите причини на насилниот екстремизам, во крајна линија ќе ја загрози сопствената национална безбедност. СНЕ не е мека опција, туку* ***стратешки императив.***[3]

[3] „National Action Plans Task Force Supporting Strategic Efforts to Prevent and Counter Violent Extremism", *Hedayah Global Center on Cooperative Security*, 23 јануари 2018.

## СЛИКА 5. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ




Заканите од насилниот екстремизам и тероризмот се комбинирани и меѓусебно се испреплетуваат, а се среќаваат на специфични геополитички локации во рамки и надвор од границите на националните држави (т.е. на просторите на клучните „јазли" и во недоволно регулирани простори) претставувајќи транснационални и трансрегионални проблеми што ги надминуваат границите.

Како и сите суверени држави, Република Македонија мора секогаш да одржува сеопфатни и силни Национални стратегии и Акциски планови – способности и капацитети – за СНЕ и БПТ, како одделни и посебни предизвици и закани. Сеопфатната подготвеност е КЛУЧНА.

Но истовремено, мора да се земат во предвид добрите практики дека колку повеќе се развиваат, подобруваат и одржуваат способностите и капацитетите за спречување на насилниот екстремизам толку помалку ќе треба да се користат капацитетите и способностите во борбата против тероризмот.

Превентивниот пристап кон радикализацијата и насилниот екстремизам е најекономичен начин на справување со овој проблем, кој не смее да биде недоволно третиран или севкупно игнориран, имајќи во предвид дека користењето на сила е секогаш последна, а не прва и единсвена опција за одговор.

Радикализацијата сама по себе не е закана за општеството доколку не е поврзана со насилство или други незаконити дејствија, како што е на пример поттикнувањето на омраза, кое е законски дефинирано во согласност со меѓународното право за човекови права.[4]

---

[4] На пример, некои форми на радикализација всушност може да бидат сила за полезна промена. На пример, луѓето што се залагале за укинување на ропството или кои го застапувале универзалното право на глас своевремено биле

*Терористичката* радикализација, сепак, е динамичен процес преку кој поединецот доаѓа во состојба да го прифати терористичкото насилство како можен, дури и легитимен, начин на делување.

Нема единствен профил што ги опфаќа сите терористи, ниту пак има јасно исцртана патека што го води поединецот кон тероризам. Можните двигатели на терористичката радикализација се разновидни, комплексни и се комбинирани на уникатен начин во секој од случаите.

Профилите изградени на стереотипни претпоставки засновани на религија, раса, етничка припадност, род, социо-економски статус, итн. не се само дискриминирачки, туку се, воедно, и неделотворни, со ризик да го влошат и потхранат ширењето на двете појави. Од овие суштествени причини мора да ја отфрлиме идентификацијата на тероризмот со која и да е националност, религија или етничка припадност.

Надградувајќи се на овие темелни принципи, а понатаму и на специфичниот и уникатен контекст на предизвиците и можностите што лежат во основата на спречувањето на насилниот екстремизам и борба против тероризмот во Република Македонија, Националните стратегиии претставуваат и контекстуално-релевантен оперативен опис на множеството на сеопфатни алатки за СНЕ и БПТ на државата.

ТАБЕЛА 1. *Разгледување на разновидни описи за спречување на насилен екстремизам од перспектива на Република Македонија*

| **СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ** |
|---|
| *"Планирање, воведување и примена на процедури, методи и мерки за превенција, детекција и спротивставување на нетолеранцијата, омразата и дискриминацијата против други социјални групи."* |
| *"Создавање и примена на мерки и активности за идентификација и превенција на фактори што произведуваат насилен екстремизам и креатори/агенти на радикализацијата што може да води кон тероризам."* |
| *"Насилниот екстремизам е девијантна појава што поразбира подготовка, мобилизација и регрутирање на поединци и групи за насилно пропагандно делување насочено кон остварувањето екстремистички и терористички цели."* |
| *"Услов за активност извршена од страна на лица или групи на лица со радикални гледишта, т.е. екстремни акции поврзани со ангажирање целни групи или поединци за нетолеранција кон етнички, расни или верски групи и стимулирање или поттикнување на насилство и екстремизам."* |

Истражувајќи ги алатките за спречување на насилниот екстремизам и борба против тероризмот стасуваме до Генерална стратешка цел за СНЕ и БПТ на Република Македонија.

**Генерална стратешка цел на Република Македонија за СНЕ и БПТ:**

| |
|---|
| *ПРЕВЕНИРАЈ; но доколку, кога и каде превенцијата не успее, ГОНИ (на регулиран и постепен начин, т.е., попречи, деградирај, разбиј и порази ги) терористичките закани, нивните сојузници и нивните безбедни засолништа во рамки на територијата на Република Македонија, ... истовремено и секогаш одржувајќи подготвеност да се ЗАШТИТИ и ОДГОВОРИ на заканите кон граѓаните и критичната инфраструктура на Република Македонија.* |

---

сметани за радикални, зашто тие биле спротивставени на доминантните гледишта во нивните општества. Извор: „Preventing Terrorism and Countering Violent Extremism and Radicalization that Lead to Terrorism: A Community-Policing Approach", Објавено од ОБСЕ, Виена, февруари 2014

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА НАЦИОНАЛНИТЕ СТРАТЕГИИ ЗА СНЕ И БПТ

- Методологија за Националните статегии за СНЕ и БПТ следи едноставен, но моќен пристап што: Се фокусира на *Граѓаните на Република Македонија* како колективна и генерална мисија;
- Води кон градење на сеопфатни Национални стратегии за имплементација (т.е. Цели – Начини - Средства) базирана на заеднички сет на насочувачки принципи за СНЕ и БПТ
- Идентификува таканаречени “Трансформативни ефекти” … што ги претставуваат начините на кои НКСНЕБПТ може да помогнеме во давање препораки за реорганизирање на институционалните и напорите на заедницата во справување со предизвиците и можностите.

**СЛИКА 6.** *Методологијата за стратешкиот пристап на Република Македонија кон организирањето за СНЕ и БПТ*




Нашата методологија за спречување на насилниот екстремизам и борба против тероризмот почнува и завршува со фокусот на Република Македонија и нејзините граѓани, а истовремено имајќи ги во предвид напорите и интересите на соседните земји и партнерите од меѓународната заедница.

**СЛИКА 7.** ***Стратешки пристап кон спротивставувањето на насилен екстремизам и тероризам***




Суштинската улога и одговорност на НКСНЕБПТ е да обезбеди координација и кооперативно планирање и делување потребни за превенирање, заштита, гонање и одговор на заканите од радикализација кои можат да доведат до насилен екстремизам и тероризам.

# ТЕРМИНОЛОГИЈА (ПОИМНИК НА ОПИСНИТЕ ТЕРМИНИ)

## ОПИС НА КЛУЧНИТЕ ПОИМИ *[5]

| | |
|---|---|
| **Акциски план** | Низа на чекори што мора да се преземат или активности што мора да се извршат, за да успее стратегијата. Акцискиот план има три главни елементи: (1) Конкретни задачи: што ќе се направи и од кого. (2) Временска рамка: кога ќе се направи тоа. (3) Распределба на ресурси: кои конкретни средства се на располагање за конкретни активности. |
| **Ранливи категории на лица** | Луѓе што се особено ранливи на радикализација со насилен екстремизам. Бројни фактори можат да ги направат луѓето ранливи на радикализација, вклучувајќи ја неповрзаноста со семејството, пријателите или поширокаta заедница и изложеноста на криминал или насилство. |
| **Заедница** | Простор на припаѓање, што се состои од споделени значења, составени од една или повеќе комбинации на географски, имагинативни, емотивни, политички и други врски. |
| **Организација од заедницата** | Организација водена од жители во заедницата во сите аспекти на нејзиното постоење, што значи дека мнозинството на управните органи и персонал се состои од локални жители; приоритетни тематски области се идентификуваат и дефинираат од страна на жителите; решенијата за третирање на приоритетните прашања се разработуваат заедно со жителите, а осмислувањето на програмата, имплементацијата и евалуацијата како компоненти ги имаат жителите одблиску вклучени на лидерските позиции |
| **Полиција во заедницата** | Полиција во заедницата е механизам што промовира организациски стратегии, што го поддржуваат системтското користење на партнерства и техники за решавање проблеми, за проактивно да се одговори на непосредните услови што покренуваат прашања на јавната безбедност, како што се криминалот, социјалните немири и страв од криминалот. |
| **Отпорност на заедницата** | Мерка за продолжената способност на заедницата да ги користи расположливите ресурси за да одговори, да издржи и да се опорави од негативни ситуации. |
| **Контра-наратив** | Постапки за директно деконструирање, дискретирање и демистифицирање на насилните екстремистички пораки. |

[5] Листата на„Описи", референтни термини ќе продолжи да еволуира.. Еднакво важно, оваа еволутивна листа на термини ќе одржи баланс на „социолошки" описи, со цел да биде лесно и јасно достапна и разбирлива за пошироката јавност, додека истовремено термините се „законски" доследни и валидирани во согласност со правото и правните текстови и вообичаените практики на Република Македонија и на меѓународната заедница.

## ВИЗИЈА И МИСИЈА ЗА СНЕ И БПТ

Подробната SWOT анализа произведе длабоко, широко и сеопфатно разбирање и уважување на предизвиците, коренитите причини, и потенцијалните можности што го дефинираат мандатот на НКСНЕБПТ во врска со спречување на насилниот екстремизам и борба против тероризмот.

Република Македонијаи и државите од Балканот колективно се изложени на закани и ризици што произлегуваат од радикализацијата, насилниот екстремизам и тероризмот, особено влошени со појавата на странски терористички борци.

Разгледувајќи го опкружувањето на закани од поширок контекст и земајќи ги во предвид заканите со кои се соочува Република Македонија на државно, локално (општинско), регионално и меѓународно ниво, наши визија и мисија се:

**ВИЗИЈА**

***Да се обезбеди безбедна, сигурна и суверена Република Македонија што е инклузивна, се одзива на потребите на своите граѓани, како и интегрирана во регионот и пошироко.***

***Терористичката закана веќе не може да ги погоди граѓаните на Република Македонија. Критичната инфраструктура и границите се стабилни и безбедни. На терористичките организации им е ускратено безбедно засолниште и слободата на движење и делување.***

**Генерална МИСИЈА за СНЕ и БПТ на Република Македонија**

**Да се развијат делотворни, отчетни и сеопфатни владини и општествени капацитети и активности за превенција, заштита, гонење и одговор на радикализацијата и насилниот екстремизам што може да доведе до тероризам, во согласност со вредностите на државата, а со цел да се овозможи/промовира безбедна и просперитетна држава.**

Преку оваа генерална мисија, Република Македонија се посветува на подобрување на подготвеноста за спречување на насилниот екстремизам и борба против тероризам со обезбедување (за државата и граѓаните) сеопфатни владини и општествени капацитети и способности за нивно превенирање. Овие капацитети и способности ќе бидат делотворни и отчетни пред Владата на Република Македонија, а во согласност со уставните, законските и процедуралните правила и вредности.

Од оваа генерална Изјава за мисијата, се изведува специфична мисија за спречување на насилен екстремизам:

**Специфична МИСИЈА на Република Македонија за спречување на насилен екстремизам**

*Да се обезбеди и промовира сигурна, безбедна и просперитетна држава преку координирани активности, кои спречуваат, заштитуваат, извршуваат и одговараат на рана идентификација и откривање на факторите кои придонесуваат за радикализам, екстремизам и насилни активности во форма на тероризам и / или терористички активности.*

## СТРАТЕШКА АНАЛИЗА НА ОПКРУЖУВАЊЕТО

Република Македонија, како и многу држави во меѓународната заедница, не е имуна од заканите од насилен екстремизам и тероризам. Во поново време, глобалната закана бара Република Македонија да ги преиспитува односите со нејзините соседи, меѓународната заедница, како и домашните чинители, кога станува збор за превенирање на насилниот екстремизам и тероризам.

> Радикалниот екстремизам кој води до насилство и може да резултира со тероризам циклично и директно ги *погодува темелите на поединецот, семејството, заедницата и државата.*

Порастот на меѓународните тензии што се случи заедно со регионалната поделеност на државите на Балканот, потхранети со тековите на финансиска поддршка од странски извори, ги охрабри заедниците да станат порадикални и екстремни. Особена загриженост предизвикуваат случаите на странски терористички борци. Според информации од 2016 година, 110 борци од Република Македонија заминале во Сирија, од кои 25 биле убиени во Сирија, а 86 се вратиле во земјава[6].

НКСНЕБПТ има обврска да ги оцени ризик факторите и условите во опкружувањето што можат да придонесат до насилен екстремизам и тероризам како универзални феномени.

**<u>Државно ниво</u>**

Ограничените капацитети на државните институции се пречка во ефикасното спротивставување на тероризмот и насилниот екстремизам. НКСНЕБПТ ја согледува потребата дека државните институции мораат да се надградат и да работат кооперативно за да го разберат значењето на БПТ и СНЕ, како и специфичните активности коишто институциите мораат да ги реализираат за да обезбедат стабилна и суверена држава.

НКСНЕБПТ се осврнува на важноста на реалните и перципираните поплаки на граѓаните на Република Македонија, како што се на пример: маргинализација на заедниците, нетолеранција за разликите во културата, религијата и јазиците и неправедни или неправични пракси на органите на прогонот. Негативното однесување поврзано со овие поплаки може позитивно да се промени доколку сите владини институции јасно и одговорно ги претставуваат сите граѓани. На тој начин државата ќе усвои проактивни ставови за заштита преку превенција од непочитување на правата на нејзините граѓани. Доброто владеење промовира силно граѓанско општество.

Од императивна важност е Република Македонија да продолжи да ја подобрува стандардизацијата на својот институционален одговор кон БПТ и СНЕ. Институционалните напори за создавање на сеопфатна обука и поддршка во креирање на платформи и датабази за споделување на заедничките агенциски информации, податоци и разузнавачки информации, и зголемување на доверба и соработка меѓу владините безбедносни служби и лидерите на заедниците ќе обезбедат конзистентност на напорите.

[6] Analytica и Амбасадата на САД, „Assessment of Macedonia's Efforts in Countering Violent Extremism, View from Civil Society", јуни 2016.

**Општинско/локално ниво**

НКСНЕБПТ се фокусира на различни прашања на локалното ниво на власт, посочувајќи неколку области каде државните и локалните власти и институции треба да соработуваат за да ги спречат појавите на насилниот екстремизам и тероризмот. Во нив спаѓаат:

- Подобрување на довербата и соработката меѓу владините безбедносни служби и верските водачи;
- Допрецизирање на сеопфатна обука и поддршка за верските заедници да се спротивстават на онлајн радикализацијата;
- Унапредување на обуката во заедниците, на семејствата, затворскиот персонал и верските водачи, со цел да се идентификуваат раните знаци на насилна радикализација:
- Развивање средства и мерки за спротивставување на обемот на дезинформации што ги истакнуваат поларизирачките наративи кај ранливите категории на граѓани; и
- Создавање процеси и процедури за поттикнување програми во заедниците за поддршка на општествената кохезија, што го превенира насилниот екстремизам и тероризам.

Невработеноста и несоодветните одговори на полициските органи ја надополнуваат фрустрацијата на заедниците кои веруваат дека нивните потреби не се сфаќаат сериозно. Неуспехот, или латентниот одговор на повиците на заедницата за помош од страна на државните институции во заштита на граѓаните, ја зајакнува појавата на насилни и радикални активности.

Во Република Македонија, склоноста да се поттикнуваат граѓаните да оддржуваат етнички и конфесионално затворени општества, наместо напори да се поттикне инклузивна, интер- и интра- културна интеграција и верска толеранција се во голема мерка важни причини за немири. Понатаму, овие разлики во општеството придонесуваат кон индивидуална или колективна желба да се прифати екстремизмот. Во крајна линија, поделбата и исклучувањето значително ќе придонесат кон транснационалните ефекти на прелевање, што ги засилуваат последиците на локално, државно и регионално ниво.

**Регионално ниво**

Република Македонија е на крстосница на транснационалното движење кое поврзува криминални, идеолошки и екстремистички групи, чие што ширење, влијание и активности државата може да ги запре, или во најмала рака попречи, со помош на меѓународна поддршка и соработка.

Република Македонија има бројни клучни двигатели или фактори кои не се специфични за државата. Сеопфатниот поглед на тоа како се преклопуваат овие нивоа може да се види на Слика 8.

**СЛИКА 8.** ***Некои клучни двигатели и фактори за насилен екстремизам и тероризам***



**ТАБЕЛА 2а 2018 SWOT АНАЛИЗА**

| | ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|---|
| РЕГИОНАЛНО НИВО | • Клучна геостратешка позиција – Р. Македонија е “Стратешка пивот држава” | • Р. Македонија се наоѓа во турбулентен и умерено нестабилен регион на релативно слаби демократски држави |
| | • Р. Македонија не е „држава во конфликт“ | • Р. Македонија е опкружена со држави со постконфликтна и економска нестабилност, наследени политики што влијаат на квалитетот на градење општествено одрживи системи, |
| | • Р. Македонија не е извозник на насилен екстремизам и тероризам. Драстично намалување на странски терористички борци од 2015. година наваму | • Р. Македонија лежи на геостратешкиот крстопат Исток – Запад, опкружена со земји со порозни граници кои потикнуваат „сиви економии“ |
| | | • Недоволно ниво на споделување на регионални финансиски и антитерористички разузнавачки информации |
| | | |
| ДРЖАВНО НИВО | • .Р. Македонија е држава со добро воспоставени владини институции и системи и процедури за владеење на правото | • Р. Македонија се’ уште се соочува со релативно висок степен на незадоволство и немање доверба меѓу заедниците со државните и локалните власти |
| | • Р. Македонија е усогласена со бројни, клучни столбови на ОН, ЕУ, ОБСЕ, и НАТО | • Недоволните државни и општински институционални капацитети и способности на владините институии и постојаните предизвици со корупцијата |
| | • Р. Македонија има силни позитивни врски со меѓународните организации, посветена на глобалната мисија на превенирање на радикализацијата и на борбата против тероризмот | • Недоволни начини и мерки за спротивставување на обемот на дезинформации што ги откриваат поларизирачките наративи меѓу ранливите публики |
| | | |
| ОПШТИНСКО – ЛОКАЛНО НИВО | • Р. Македонија е општество кое се карактеризира со силни семејства, семејни врски и силни заедници | • Недоволна вработеност, особено кај малцинските заедници |
| | • Во Р. Македонија постои толеранција за етничките и верски разлики и различности | • Слаби врски на доверба меѓу локалната полиција /органите на прогонот, и локалното население |
| | • Р. Македонија традиционално негува умерена форма на исламската религија и на православното христијанство, што не се идентификуваат со радикалните ограноци | • Непостоење и слабост на „легитимните“ органи создава вакуум на лидерство што лесно го пополнуваат лидерите на радикалните екстремисти со насилни антидржави и антинационални визии и намери |

**ТАБЕЛА 2b 2018 SWOT Анализа**

| | МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
|---|---|---|
| **РЕГИОНАЛНО НИВО** | • Основање Државни работни групи за фокусирани мултиагенциски, кросинституционални акции за утврдувањето на регионални стратегии на Западниот Балкан за СНЕ и БПТ, предводени од Р. Македонија | • Поради геостратешка положба, Р. Македонија е секогаш под ризик од терористички напади |
| | • Ефикасна соработка на ЕУ, ОБСЕ, и другите меѓународни организации за градење капацитети, експертиза и донаторски средства | • Транснационалниот и трансрегионалниот „јазол“ ја надополнуваат заканата од криминалитет со незаконска трговија, корупција и тероризам |
| | • Подобрена стандардизација ширум регионалните платформи за споделување податоци, вклучително и обработка на податоците | • Текови на странски терористички борци и влијанија од држави што генерираат конфликт |
| | | |
| **ДРЖАВНО НИВО** | • Основање и натамошно јакнење на институционалните капацитети на НКСНЕБПТ | • Начинот на кој државата одговора на заканите од радикализација, насилниот екстремизам, и тероризмот; треба да биде внимателен и претпазлив за да не произведе негативни „бумеранг“ ефекти |
| | • Основање интегрирани работни групи (Integrated Task Forces (ITFs)) за спроведување координирани, кросинституционални активности меѓу државата и заедницата | • Етно-религиозни и идеолошки екстремизам и радикализација |
| | • Основање на постојани Државни работни групи за координирање и проценка на активностите за СНЕ и БПТ за секој стратешки приоритет | • Конкуренција за ограничените ресурси достапни за поддршка на заедниците; немање единство во напорите, поради недостигот на владини капацитети |
| | • Основање на клучни Интегрирани специјални групи (Integrated Task Forces (ITFs), вклучувајќи и оперативна работна група за борба против тероризам (Joint terrorism Task Force (МКД-JTTF)) за подобрена контрола на граничната област и кризно делување, превенција и одговор | |
| | | |
| **ОПШТИНСКО-ЛОКАЛНО НИВО** | • Основање Акциски тимови во заедниците (Community Action Teams (CATs)) за подобрување на соработката меѓу државните и локалните власти | • Мерките преземени со цел да се превенира екстремизам и радикализам може да ги нарушат личните слободи и права |
| | • Р. Македонија се карактеризира со силна, здрава и талентирана млада популација која креира и негува – меѓуверска и меѓуетничка толеранција | • Структурна невработеност и недоволна вработеност |
| | • Подобрена и сеопфатна обука за верските заедници да се спротивставаат на онлајн радикализација | • Обесправеност и чувство на незадоволство на локалните заедници, и немање доверба меѓу локалното население, семејства и заедници со претставниците на државата и општината |
| | • Подобрена обука за идентификување на раните знаци на | |

| | | |
|---|---|---|
| | насилна радикализација, вклучително меѓу затворскиот и другиот професионален персонал | |
| | • Создавање начини за поттикнување на програми во заедницата за поддршка на општествена кохезија што го превенира насилниот екстремизам. | |

## НАПОРИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СПРОТИВСТАВУВАЊЕ НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ[7]

Во сферата на меѓународната безбедност, општествата се соочуваат со нешто што се чини како експлозија на тероризам поради ―екстремистичките експанзии на недржавни актери. Постојат многу теории околу причините за тоа. Детектирањето и проучувањето на маргинализацијата, исклученоста, репресијата и други социјални и економски недостатоци имаат за цел пронаоѓање на најдобар начин за спротивставување на екстремизмот.[8]

Во 2011 година, администрацијата на САД ја објави својата Стратегија за борба против тероризмот, дефинирајќи го спречувањето на насилниот екстремизам (СНЕ) како една од нејзините најбитни работи, поттикнувајќи ја меѓународната заедница кон поголеми напори за вклучување на СНЕ во нивните колективни заложби и внатрешни политики. Понатаму, постапките на администрацијата на САД доведоа до основање на Hadayah, прв тинк-тенк што се фокусира исклучиво на спречување или спротивставување на насилниот екстремизам. Првата конференција на Hadayah вклучуваше 25 нации што се согласија дека СНЕ мора да биде приоритет во секоја идна национална безбедносна политика. Земјите како Австралија издвоија околу 47 милиони долари за поддршка на групите од директори, психолози и студентски служби, за да им помогнат на училиштата да изготват стратегии за идентификување на студентите под ризик од радикализација и да ја поддржат нивната политика на СНЕ.

Насилниот екстремизам, кој беше поистоветуван со тероризмот, има подолга историја. Денес, глобализацијата и меѓусебните врски меѓу нациите го ставија СНЕ во фокусот на вниманието, принудувајќи ги владите да се насочат кон овој феномен и да утврдат како може директно да влијаат на сите нивоа, на меѓународната, националната и локалната безбедност. Насилниот екстремизам ги преминува државните граници и континентите, а настаните од 11-ти Септември 2001 покажаа дека насилството стана норма во овие групи, често и без некоја очигледна причина, освен непријателство кон западните вредности. Насилните екстремисти ја издигнаа својата борба на повисоко ниво, искористувајќи ги социјалните медиуми, црните пазари и отвореноста на државите за патување и размена на стоки и услуги. Сега, од суштествена важност претставува разбирањето на филозофијата на насилните екстремисти и потребата да се одговори на прашањата што претставуваат подлога за овие појави.

Насилниот екстремизам во Ирак и Сирија уништи огромни етнички и верски заедници, а ги уништува и социјалните и политичките структури на овие земји. Негов ефект е создавањето на најголемата хуманитарна катастрофа во поновата историја – бегалската криза. Терористичката „Исламска држава“ има раселено милиони луѓе и е вклучена во масовни брутални ѕверства врз основа на застрашувачкиот концепт на идеологија. На Балканот, сегашното опкружување, вклучувајќи го и приливот на бегалци и странски борци - повратници прави вниманието кон СНЕ да е од суштествена важност, доколку се сака мир и стабилност во регионот. Иако Република Македонија во моментов не е конфликтна држава, активната интервенција преку планирање и внимателно анализирање на насилниот екстремизам е повеќе од задолжително.[9]

---

[7] Source: U.S. Department of State, „Bureau of Counterterrorism and countering Violent Extremism, Country Reports on Terrorism 2016, accessible (online) at https://www.state.gov/j/ct/rls/crt/2016/272231.htm#Macedonia

[8] DeGennaro, Patricia, US Government White Paper on CVE, 2016.

[9] Source: U.S. Department of State, „Bureau of Counterterrorism and countering Violent Extremism, Country Reports on Terrorism 2016, accessible (online) at https://www.state.gov/j/ct/rls/crt/2016/272231.htm#Macedonia

## АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА И ОБЕМ НА ПРОБЛЕМОТ

Република Македонија од август 2017 година има формирано Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам (НКСНЕБПТ), кој ги координира (не)државните (институционални) капацитети во напорите за спречување на насилниот екстремизам и борбата против тероризмот. НКСНЕБПТ веднаш отпочна да ја унапредува меѓуинституционалната соработка за спротивставување и превенирање на насилниот екстремизам во согласност со препораките на Европската Унија, САД и Акцискиот план за превенција на насилниот екстремизам на Генералниот секретар на ОН.

Владата на Република Македонија иницираше изготвување на официјална студија за двигателите на насилен екстремизам во Република Македонија. Со поддршка на меѓународните партнери, НКСНЕБПТ е во процес на прибирање податоци и претставување на Акциски планови во отсуство на длабински емириски истражувања. Невладината организација „Analytica", како локален think-tank субјект, во октомври 2016 година го објави извештајот финансиран од САД, со наслов „Оценка на напорите на Република Македонија во спротивставувањето на насилниот екстремизам". Врз основа на почетните анализи, двигателите на екстремизмот во Република Македонија опфаќаат слични фактори како оние што се двигатели на глобалниот екстремизам, иако донекаде наподолнети со реалната и перципираната маргинализација на етничкото албанско население и гледиштата за растечки тензии во рамки на религиозните заедници. Исламската верска заедница на Република Македонија покрена иницијатива за обука за справување со насилен екстремизам за имами, со цел да ја поттикне заедницата да изнајдува алтернативи, наместо да го прифаќа насилството.

Во ноември 2017 година, во Скопје, меѓународната заедница одржа состанок на кој се дискутираше за проценките и програмите за СНЕ. Во февруари 2018 година, во Охрид се одржа еднонеделна работилница за стратешко планирање, на која учествуваа мнозинството членови на НКСНЕБПТ и тематски експерти за СНЕ и БПТ од повеќе институции од Република Македонија и регионот. Следуваше и дополнителна работилница во Скопје која ги исцрта контурите на Стратешките документи за СНЕ и БПТ и Акциските планови.

## МЕЃУНАРОДНА И РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА

Република Македонија е посветен/успешен партнер во борбата против тероризмот, на регионално и на меѓународно ниво. Република Македонија во сè поголема мера ги користи предностите на воспоставената рамка на соработка околу спречувањето на насилниот екстремизам и тероризам со нејзините партнери од регионот, особено со Албанија, Косово и Босна и Херцеговина.

Република Македонија, исто така, како членка на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) беше домаќин на работилница, спроведена од ОБСЕ, во септември 2017 година, која обедини судии, обвинители и истражители од регионот, за да ги зајакнат националните способности и капацитети и да ги надградат интеррегионалните одговори во справувањето со тероризам.

Во ноември 2017 година, Владата на Република Македонија беше ко-организатор на меѓународна вежбовна активност за борба против тероризмот, осмислена да начин на координација, соработка и споделување на информации на Владата како целина (whole-of-government), како и модел на интегрираното планирање за борбата против тероризмот и СНЕ.

Во февруари 2018 година, НКСНЕБПТ и ОБСЕ, поддржани од Амбасадата на Обединетото Кралство, одржаа јавни консултации со чинители од граѓанското општество, со цел инкорпорирање на нивните препораки во новите стратешки документи.

## РАЗБИРАЊЕ НА ЗАКАНАТА И НЕЈЗИНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ[10]

Разбирањето на заканите помага да ги разбереме силните страни, улогите,одговорностите и непосредни-кон-долгорочни приоритети – во најмалку три меѓусебно поврзани контексти: државно, локално (и општинско) и регионално/меѓународно ниво.

***ГЛОБАЛНО***, меѓународните односи поминуваат низ огромна транзиција на моќ и геополитичка конкуренција меѓу државите што создава предуслови за појава на насилно екстремистички организации и терористички групи кои му се закануваат на воспоставениот светски поредок.

Овој период на промени се каркатеризира со зголемен број на предизвици и предизвикувачи на владеачките *норми и принципи*, *правила и процеудри за донесување одлуки*[11] што ги имаат дефинирано условите за обезбедување стабилна основа на западно-либералниот („Вестфалијански") меѓународен поредок – имено:

1. Супремацијата на територијалната сувереност на државата,
2. Генералното правило на неповредливост на територијалната сувереност на државата,
3. и Дефиниција за „агресија" како чин на држава или колектив од држави што го нарушува и повредува територијалниот интегритет и власта на националната држава, а
4. деклариран како краен меѓународен „грев", актот бара колективни безбедносни интервенции за повторно да се воспостави *status quo* ситуација.

Системската стабилност, врз основа на овие четири владеачки принципи, е, „разнишана" во доцните осумдесетти години од минатиот век со обновените барања за самоопределување и пораст на етно-сепаратистичките конфликти. Терористичките напади од 11 септември 2001година, го најавија, растежот на други, недржавни актери, особено Ал Каеда и нејзините ограноци, вклучувајќи ја и таканеречната Исламска држава.

***РЕГИОНАЛНО,*** гледаме растечко присуство на трансрегионални и мешовити безбедносни закани и предизвици што ги надминуваат границите, вршат поголем притисок на земјите и нивните способностите и капацитетите да ја одржуваат својата сувереност, да ги штитат приватните права и клучните вредносни системи. Во рамки на овие геостратишки карактеристики се наоѓа и Република Македонија соочена со закани на насилен екстремизам и тероризам.

Република Македонија, и земјите од Балканот се клучни "стратешки пивот" држави[12] од кои делумно зависи идната стабилност и безбедност на Европската Унија и кохерентноста на јужното крило на НАТО.'

---

[10] Wilson III, Isaiah. „Power in Transition: Challenges of Providing for an uncommon defense and the search for strategic stability", presentation for RAND Corporation, February 2017.
[11] See Stephen Krasner, *International Regimes* (1986).
[12] „Why are Pivot States so Pivotal? The role of pivot states in regional and global security", *The Hague* Centre for Strategic Studies, 2014.

**СЛИКА 9.** *Разибрање на „мешовитото“ трансрегионално опкружување на закани*




Фактот што Република Македонија не е извозник на насилен екстремизам и тероризам претставува една од нејзините најголеми предности и; најсилно оправдување за пристапување кон Евро-атлантските интеграции, кое ја прави способен и добро геополитички позициониран партнер, со можност да ја зајакне стабилноста и сигурноста на ЕУ.

Република Македонија е важна стратешка држава за спротивставување на главните причини и предуслови што ги хранат и шират заканите од радикализација што може да доведат до насилниот екстремизам, а во крајна линија и до тероризам.

Најзагрижувачки предизвик од овие мешовити закани е нивниот негативен ефект врз капацитетот на институционалните структури, организационите култури и функционалните практики. Во овие закани може да спаѓаат:

- Слабата вработеност и невработеноста;
- Перципирана и реална обесправеност;
- Дискриминација и маргинализација;
- Немањето институционален капацитет, урбан и рурален, што, од своја страна, ги потхранува заблудите за тоа дека државата намерно поддржува специфични групи (мнозинството);
- Институционални проблеми: слаба координација меѓу државните институции; немање механизми за одредување на носителите и позициите на субјектите во институциите,

непостоење меѓусебна доверба, потреба од реформи на политиките на институциите, немање заедничка слика во смисла на потенцијалните закани и

- Немањето процеси што овозможуваат градење доверба на локално ниво, на редовна ооснова; зголемено присуство на полициски сили во локалната заедница, што ќе овозможи општинското и државното раководство да имаат заедничка слика за реалните проблеми.

На ***ДРЖАВНО и ОПШТИНСКО-ЛОКАЛНО НИВО***, меѓуетничките односи во Република Македонија меѓу заедниците и натаму повремено се релативно напнати, особено во деловите на земјата каде се' уште се присутни и активни екстремистички групи, склони да користат насилство за остварување на нивните политички цели. Досега имаше поедини случаи на насилство против граѓаните и институциите на Република Македонија, кои може да ги интензивираат насилните реакции.

Исто така, и натаму приоритет претставува заштитата на граѓаните на Република Македонија од влијанието на екстремистичките идеологии засновани на нетоleranција, омраза и насилство за да се остварат политички и идеолошки цели, вклучувајќи погрешно толкување на религиите.

Воедно, сведоци сме дека ова негативно се одразува на „маалските и добрососедските“односи и однесувања што почиваат на доверба, не само во локалниот контекст, туку и во регионален контекст.

Со ваквите нови и растечки типови на предизвици и услови, *подготвеноста* и *превенцијата* стануваат критични и суштествени предуслови за одржување и зачувување на делотворни, легитимни капацитети, став и профил за спротивставување на тероризмот.

Со тоа, предизвикот за Република Македонија, а уште поконкретно за Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризмот (НКСНЕБПТ) ќе биде што е можно порано да се идентификуваат тие закани во „нерегулираните простори“ во и меѓу нивоата на општинска и државна власт, како и во и меѓу нивоата на регионално и трансрегионално партнерство со ЕУ, ОН НАТО, како и други меѓународни организации.

## НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ И НЕГОВИТЕ КОРЕНИТИ ПРИЧИНИ

Она што го прави насилниот екстремизам уникатно опасен за Република Македонија е геополитичкото глобално опкружување, надополнето со коренитите причини и условите како подлога за долгогодишно опстојување на ваквите состојби, без третман или со нивен недоволен третман. И покрај состојбите на етничка стабилност во Југословенската држава, чија членка беше и Република Македонија, по нејзиното распаѓање беа продуцирани латентни етнички и религиозни прашања кои биле несоодветно третирани. Прогласувањето на Република Македонија како независна држава, го наметнува надминувањето на овие прашања од минатото како неопходност.

Овие меѓуетнички и верски уверувања ја надополнуваат тековната состојба на управувањето со оваа неверојатно комплексна и мултидимензионална природа на прашањето денес. Дополнително, екстремните влијанија од други ентитети од соседството и регионот влијаат на поедини сепаратистички и популистички раководства што конкретно се фокусираат на етничките Албанци во Република Македонија. Истовремено, неалбанското население се соочува со попопулистички стимул од други соседни/регионални влијанија.

Враќањето кон веќе надминатите форми и карактери на меѓуетничките состојби раѓа, а истовремено и се потхранува од нив, се' повирулентни форми на хипернационализам, популизам и шовинизам, внатрешно во рамки на државите, што прави регионалната политика

на држави да е се' покревка, параноична и оптоварена со културни/расни/верски предрасуди и разлики.[13]

Сегашното меѓународно опкружување исто така прави да потешко градење коалиции за колективна безбедност и одбрана, истовремено правејќи формирањето на таквите коалиции да е се' повеќе потребно. Република Македонија и нејзината стратешка геополитичка локација и мулти етничност, прави потешкотии во нејзината внатрешно-политичка консолидација, а наспроти тоа, ваквата состојба допринесува и дава можност да се формираат сојузи по различни основи со соседните држави. Политичките транзиции, судирите по етничка основа, етно-сепаратизмот и глобалните терористички закани што постојано се шират и еволуираат, прават регионот да е подложен на негативни влијанија. Сепак, иницијативата да се донесе Национална Стратегија за спречување на насилен екстремизам и` овозможува на Република Македонија своите потенцијали да ги насочи кон ублажување на причините поради кои нејзините граѓани би се ориентирале кон насилниот екстремизам, предизвикувајќи внатрешна нестабилност.

## ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ

Во согласност со Советот за безбедност на ОН, Република Македонија сѐ повеќе ја нагласува потребата од сеопфатен пристап кон спротивставувањето на ширењето на насилен екстремизам и тероризам. Членовите на НКСНЕБПТ организираа работилници со релевантни претставници на министерствата, за да утврдат како најдобро да се осврнат на СНЕ во котекст со македонските заложби за борба против тероризмот. Советот за безбедност на ОН потенцира дека СНЕ е суштествен елемент за одговарање на заканата по меѓународниот мир и безбедност, закана која доаѓа од насилниот екстремизам и неговите влијанија, вклучително регрутерите и локалните лидери, оние што доаѓаат од странските терористички борци кои заминале од државата за да се борат во странство, се населиле надвор од државата или се вратиле во Република Македонија и може да влијаат на други свои сограѓани.

Во согласност со плановите за СНЕ на Советот за безбедност на ОН и Европската Унија, Република Македонија е посветена на ангажирањето на релевантните локални заедници и невладините актери за да се разработат стратегии за спротивставување на наративот на насилен екстремизам што може да го поткопа владеењето на правото и да предизвика терористички акти. Осврнувајќи се на условите што се погодни за ширење на насилен екстремизам, припадниците на институциите на Република Македонија планираат и изготвуваат стратегии, со вклученост во имплементација на нивните активности на младите, семејствата, жените, верските, културните и образовните лидери и сите останати засегнати групи од граѓанското општество, во заедничките напори за намалување на влијанието на тие услови.[14]

## КОНТЕКСТ И ДВИГАТЕЛИ НА НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ[15]

Не постојат релевантни статистички податоци за начините на индивидуалната радикализација (како на глобално ниво, така и во Република Македонија). Иако има некои препознатливи трендови и обрасци, квалитативните истражувања (засновани главно на интервјуа) сугерираат

---

[13] Wilson, Isaiah, „Power in Transition: Challenges of providing for an uncommon defense и the search for strategic stability", Presentation for RAND Corporation, February 2017.

[14] See Countering Violent Extremism 20 February 2018, https://www.un.org/sc/ctc/focus-areas/countering-violent-extremism/ For the purposes of this strategy on CVE, NCCVECT coordinators и members recognize youth, families, women, religious, cultural и education leaders, и all other concerned groups to be inclusive within the 'civil society'.

[15] Поглавјето е моделирано на Акциониот План за Превенирање на Насилен Екстремизам на ОН од 24 декември 2015

дека постојат „push фактори", или услови што се погодни и водат кон насилен екстремизам и структурен контекст од кој тој произлегува; и "pulll фактори", или лични мотивации и процеси што играат клучна улога во трансформирањето на идеи и дејствија во насилни екстремистички акции.

**Табела 3: Push Фактори и Pull Фактори на насилниот екстремизам**

| | Фактори кои туркаат (push) | Фактори кои повлекуваат (pull) |
|---|---|---|
| РЕГИОНАЛНО НИВО | • Надворешни влијанија, вклучувајќи и пари од други кои живеат главно во Арапскиот Залив | • Образование во земји кои промовираат екстремизам |
| | • Неможност за справување со криминални групи кои лесно ги минуваат границите, несоодветно полициско работење во ранливите заедници или регионални области на Р. Македонија | • РМ е опкружена со слаби држави со пост-конфликтна нестабилност, наследени политики кои влијаат на квалитетот на градење на општествено одржливи системи, особено на односите со соседните земји за зајакнување на етнорелигиозната хармонија и национално единство |
| ДРЖАВНО НИВО | • Тенденција неосновано да се обвинаат етнички заедници или религиски групи | • РМ продолжува да се бори за градење и негување на силен унифициран национален идентитет |
| | • Владина реторика која ја префрла вината за одредени појави во општеството на таргетирани групи, наместо да се фокусира на вистинските фактори и индикатори | • РМ сеуште страда од релативно висок степен на незадоволство и недостаток на доверба меѓу заедниците, државата и локалните власти |
| | • Нема сеопфатна мисија за спречување на сите видови на радикализација,насилен екстремизамзам и борба против тероризмот | • Недостаток на институционални капацитети и способности на државните и општинските власти, постојани предизвици со корупцијата |
| ОПШТИНСКИ И ЛОКАЛНО НИВО | • Притисок од верски лидери (внатрешно или влијание од странство) | • Хронична невработеност и недоволно вработување, особено во етнокултурните и религиозните малцински заедници |
| | • Маргинализација на етничките/религиозни групи | • Слаба доверба помеѓу локалната полиција и локалните власти, во однос на владеењето на правото |
| | • Недостаток на можности, негирање на државјанство на одредени групи, неможност да се интегрираат и да добијат владини заштити и услуги, вклучително и полициска заштита, здравствена заштита и сл. | • Недостатокот и слабоста на "легитимниот" лидер создава вакуми кои лесно ги исполнуваат радикалните екстремистички лидери со насилна антидржавна и антинационална визија и намери |

НКСНЕБПТ идентификуваа неколку фактори кои може да придонесат за продолжување или пораст на насилниот екстремизам и радикализам во Република Македонија. Овие фактори произлегоа од истражувања и беа анализирани на работилниците одржани со посредство на Амбасадите на САД, Обединетото Кралство, Кралството Холандија, Мисијата на ЕУ во РМ, ОБСЕ, и други меѓународни и невладини организации, а се' со цел да го поткрепат со релевантни информации стратешкиот процес за спречување на насилниот екстремизам и потенцијалот за насилно делување.

## РАДИКАЛИЗАЦИЈА ВО ЗАТВОРИТЕ

Република Македонија се соочува со процес на радикализација во затворите. Ова особено важи за популацијата на млади мажи, на возраст од 18-24 години, кои додека се во затвор, може да се радикализираат од страна на групи и влијателни авторитети, националисти, верски идеолози и други. Управата за извршување на санкции е активна во разбирањето на импликациите на радикализацијата во затворите и се приклучи на НКСНЕБПТ за да продолжи да работи со обвинителството и други министерства за да осмисли и примени мерки за одговор на идентификуваните знаци на радикализам. Во нејзините активности се планира обука на затворскиот пероснал за да можат да ги превенираат и заштитат осудените лица од влијанието на радикализмот и директно да се справат со затвореници кои се радикализирани и кои може да претставуваат опасност за себе или за другите затвореници.

## ПОТРЕБА ОД СОРАБОТКА

НКСНЕБПТ разбира дека делувањето против радикализацијата и насилниот екстремизам е од суштинско значење за неговиот успех. Во тек на спроведувањето, членовите ги идентификуваат оние министерства на државно и локално ниво, членовите на полицијата во заедницата и други релевантни актери, вклучувајќи НВОа, верски лидери и училишни претставници што треба да се приклучат во напорите да се создаде инклузивна цел што ќе ја постави рамката да им се олесни на граѓаните изборот да не тргнат по патеките на екстремизмот. Кохезивноста и посветеноста на оваа група и` даваат на Република Македонија „водство" во регионот, за да може и натаму да превенира и да ги штити нејзините граѓани од приклучување кон насилниот екстремизам.

## ВКЛУЧЕНОСТ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И ЛОКАЛНИТЕ ВЕРСКИ ЛИДЕРИ

Постоењето на иницијативи на локално ниво, на граѓанското општество му дава патека за позитивен придонес преку сите форми на лидерство. Ангажманот на граѓанското општество отвора патека што води подалеку од двигателите на изолацијата, ја негува отпорноста кон екстремистичките повици и влијанија. Напорите што не се политизирани и се кредибилни имаат потенцијал да отворат простор за наоѓање заедничка основа, овозможувајќи интеракција во инклузивна заедница.

- Поедини локални верски лидери претставуваат важно надополнување на наративите на повратниците од странските боишта и членовите на семејствата, нудејќи платформа да се засилат нивните антиекстремистички пораки, давајќи при тоа дополнителен кредибилитет со својот интелектуален и општествен авторитет.

- Да се поттикнува ангажман на луѓето да делуваат на регионалните и глобалните причини, како противтежа на факторите што придонесуваат средините да бидат ранливи на насилен екстремизам.

- Да се поттикнуваат активностите на граѓанските организации ориентирани кон младите, со можности за нивна вклученост во младински програми, со кои се канализира чувството на оптимизам, а се намалува чувството на политичка маргинализација, економски песимизам и социјална изолација.

## ДРУГИ ИНИЦИЈАТИВИ ВО ТЕК

Иницијативата „Школо за мајки“ (*Mothers School Model) во Република Македонија* отвори можности за унапредување на довербата меѓу припадници во заедницата што е фундаментален концепт за надминување на стигмата и табуата поврзани со насилниот екстремизам и тероризам. Во почетокот, многу мајки беа нерешетелни да се приклучат во проектот, првично поради контроверзност на содржината на темата и импликациите што можат да произлезат во средината каде што живеат. Оние што ја завршија програмата стекнаа чувство на гордост за своето постигање и изградија силно чувство на другарство, самодоверба и отвореност во меѓусебната комуникација.

Останатите иницијативи се однесуваат на:

- Обука за новинари кога информираат за теми поврзани со радикализам и тероризам.
- Тесна соработка со локалните власти и граѓанското општество.
- Соработка со државните и локалните власти за да се идентификува поврзаноста со организиран криминал и тероризам, вклучувајќи го ризикот од продавање лажни пасоши на странски терористички борци, помагање или шверц на странски терористички борци во транзит преку Република Македонија, како и шверц на огнено оружје, пари, луѓе и други незаконски движења кон и од Западниот Балкан во земји на ЕУ или на други места, што се опфатени со терористички активности.
- Да се иницираат и надградат теренски истражувачки проекти и медиумско влијание врз потенцијалните регрутирани и други лица склони на насилен екстремизам.
- Да се развијат мерки за дерадикализација за странски терористички борци и други што можеби станале жртви на екстремистичките идеологии[16].

## ГЕНЕРАЛНИ СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ

Република Македонија ги хармонизираше двете Национални стратегии и соодветните акциски планови за спречување на насилниот екстремизам и борба против тероризмот во следниве четири (4) заеднички **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ**:

1. **ДА СЕ ПРЕВЕНИРААТ** тековите на странски терористички борци и милитанти и коренитите причини за радикализација и екстремизам;

2. **ДА СЕ ЗАШТИТАТ** граѓаните, нивниот имот, клучната и критичната инфраструктура од јасни и присутни, како и потенцијални и растечки закани,;

3. **ДА СЕ ГОНАТ/ИЗВРШУВААТ** заканите од насилен екстремизам и тероризам во нивниот корен, во безбедните засолништа и местата каде претставуваат јасна опасност за граѓаните и инфраструктурата; тие закани правосудно да се гонат активно, но фер и транспарентно, како и конзистентно со владеењето на правото;

[16] Иако има пад во токот на странски терористички борци од 2015 година, младите во Република Македонија се соочуваат со недоволен социјален простор да се отргнат од поларизацијата на конзервативни и неконзервативни муслимани. Недостигот на кохезија и разбирање може да доведе до поголема социјална изолација, која е еден од главните фактори во патот на странските терористички борци, посебно кај младите кои можат да бидат ранливи на екстремни гласови и влијанија.

4. **<u>ДА СЕ ОДГОВОРИ</u>** активно, агресивно, но секогаш на начини што се транспарентни и конзистентни со владеењето на правото, во духот на солидарноста и на начини што ги минимизираат последиците од терористички напад, преку подобрување на способностите на институциите да се справуваат со состојбата по напад, координација на одговорот и на потребите на жртвите.

## ЧИНИТЕЛИ

Наведените активности треба да се имплементираат од институции вклучени во спречувањето на насилниот екстремизам, вклучувајќи – но не ограничувајќи се на: Министерство за образование и наука, Министерство за локална самоуправа, ЗЕЛС, Министерство за труд и социјална политика, Агенција за млади и спорт, Комисија за односи меѓу верските заедници и религиозни групи, како и другите вклучени институции во работата на Националниот комитет. Дополнителна улога за СНЕ има и граѓанското општество предводено од невладини организации, верски лидери, локални заедници, млади, жени, медиуми и др.

## КООРДИНАЦИЈА И ОПЕРАЦИИ

„Координацијата" опфаќа заеднички ангажман на сите релевантни институции во Република Македонија – и тоа преку државно, локално и општинско ниво – за навремена размена на информации, како и соработка со цел детектирање, дефинирање, проценка и пресретнување на можни закани од терористи и/или терористички организации.

Координацијата ќе обезбеди навремена размена на информации, праведна и соодветна распределба на ресурси, стратешко планирање и синхронизација на соработката со релевантните државни, локални, регионални и меѓународни институции во борбата против тероризмот.

Соработката меѓу службите на оперативно ниво ќе се интензивира преку формирање интегрирани заеднички тимови.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Остварувањето на тука предвидените активности ќе овозможи:

- Разбирање на опасностите од маргинализација, економски тешкотии и закани од поделби на заедницата;
- Подобрена доверба во заедниците и меѓу заедниците и полицијата и другите владини органи;
- Помалку страв од табуа во заедницата што се фокусираат исклучиво на специфични етнички или верски групи;
- Постигање повисоко ниво на соработка меѓу државните и локалните институции во борбата против насилниот екстремизам;
- Конвергирање кон меѓународните стандарди и хармонизирање на националното законодавство и прописи со Европската Унија, ОН, ОБСЕ и други меѓународни партнери.

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА: АКЦИСКО ПЛАНИРАЊЕ ЗА СНЕ и БПТ

Усвојувањето на Националните стратегии, за спречување на насилниот екстремизам и борба против тероризмот, (2018 – 2022) е надлежност на Владата на Република Македонија. Овие стратегии се изготвуваат и ревидираат од страна на НКСНЕБПТ врз основа на прелиминарна анализа на потенцијалните ризици, со цел да се одговори на феноменот на екстремизам, радикализација и други фактори и двигатели што може да доведат до тероризам.

Овие стратешки документи се подложни на континуиран и транспарентен процес на изготвување, ревидирање, усвојување, имплементација и мониторинг.

Целите на акциското планирање во спречувањето на радикализмот и радикализацијата, екстремизмот и насилниот екстремизам што водат до тероризам и терористички активности се прилагодени на:

- Точното опишување на овие феномени и определување на вистинската рамнотежа меѓу превентивниот, нарушувачкиот и репресивниот пристап;
- Намалување на ефектите од тероризмот.

Две клучни компоненти за реализирање на четирите стратешки приоритети се: (1) подобрување на способностите и институционалните капацитети за идентификување и мапирање на поединците, групите, и други фактори со радикализирачки ефект врз нивното опкружување, и (2) подобрување на способностите и институционалните капацитети за намалување на ефектите од двигателите на радикализацијата што водат до насилниот екстремизам и, во крајна линија, до терористички активности.

Со спроведување на административни, судски и социо-превентивни мерки против поединците што шират радикални и насилни идеи ќе се овозможи национален сеопфатен пристап против насилниот екстремизам и заканите од тероризмот во нашето општество.

## СТРАТЕШКИ И СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ

SWOT анализата на *Предности – Слабости – Можности – Закани* (*Strengths-Weaknesses-Opportunities-Threats*, SWOT) овозможи да се обмислат и разработат множество стратешки приоритети што се заеднички и клучни за двете мисии на СНЕ и БПТ.

За СНЕ, НКСНЕБПТ идентификуваше четири специфични цели за Превенција, 2 цели за Заштита, 1 нова цел специфична за СНЕ за Гонење и 3 цели за Одговор.

За БПТ, Република Македонија има 8 стратешки цели за Превенција, 5 за Заштита, 4 за Гонење и 3за Одговор. НКСНЕБПТ исто така разработи и усвои релативно нов протокол за имплементација– нова оперативна рамка, компатибилна со стандардите на НАТО за спроведување на нашите PURSUE линии на активности на подобрен контролиран постепен начин: Попречување – Деградирање – Разбивање – Гонење ( *Disrupt—Degrade –Dismantle – Pursue).*[17]

[17] Ова се нови доктринарни термини. DISRUPT – Попречување на организацијата на терористичка група и нејзината оперативна динамика без фундаментално оспорување на нејзината можност да врши идни операции; DEGRADE – деградирање, потиснување на спостобноста на терористичка група да води операции од големи размери, како и губење на слободата на движење на групата; DISMANTLE – разбивање, оштетување на терористичката група до точка кога таа веќе не може да функционира како кохезивна органиацица; DEFEAT – поразување, елиминација на

НКСНЕБПТ ги има издвоено следниве специфични Државни/Национални цели („цели“) за сшречување на насилен екстремизам:

ТАБЕЛА 3. СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ

| |
|---|
| СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ |
| 1.ПРЕВЕНЦИЈА |
| Стратешка цел 1.1: Зајакнати институционални капацитети |
| Стратешка цел 1.2: Подигнување на јавната свест |
| Стратешка цел 1.3: Силна и отпорна заедница |
| Стратешка цел 1.4: Спречување на радикализација преку интернет |
| 2.ЗАШТИТА |
| Стратешка цел 2.1:Проактивни институции во насока на заштита на основните вредности, човековите права и слободи |
| Стратешка цел 2.2: Зголемување на довербата меѓу релевантните институции и граѓани за заштита од радикализација и насилен екстремизам |
| 3.ИЗВРШУВАЊЕ |
| Стратешка цел 3.1: Воспоставен сет на мерки за рано откривање на радикализација |
| 4.ОДГОВОР |
| Стратешка цел 4.1: Дередикализација |
| Стратешка цел 4.2: Реинтеграција преку ресоцијализација и рехабилитација |
| Стратешка цел 4.3: Координација и соработка |

## КОНКРЕТНИ АКТИВНОСТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

**Имплементација**

За спроведување на Националните стратегии за спречување на насилниот екстремизам и борба против тероризмот, Владата на Република Македонија ќе разработи соодвени процедури и регулатива..

НКСНЕБПТ ја предводи иницијативата за имплементација на Акциските планови (со придонес од релевантните институции и Министерства на Владата на Република Македонија), и е одговорен за координација и комуникација на напорите на БПТ и СНЕ.

## РАМКА И ГЕНЕРАЛЕН ПРИСТАП

Целите на Акциските планови за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам подразбираат интегриран и заеднички пристап што е поддржан од страна на НКСНЕБПТ, и преку координација и управување со Државни работни групи (ДРГ) и интеграрани оперативни работни групи - Task Forces (постојани, тематски или ад хок). Секоја основана работна група е координирана од водечко министерство (носител на активности).
Дополнително, НКСНЕБПТ препорачува основање на Специјални групи за борба против тероризам со цел да обезбеди ефикасна теренска работа.

терористичката група од нејзиното безбедно засолниште и превенција на повторното формирање на терористичките групи и повторно основање безбедно засолниште и регенерирање со тек на времето.

**СЛИКА 10.** *КООРДИНИРАН НАПОР НА ЦЕЛАТА ВЛАДА/ЦЕЛОТО ОПШТЕСТВО*




Сликата 10 накусо ги опишува некои од основните принципи и ставови на нашиот предложен организациски пристап како НКСНЕБПТ за подобрени и помоќни „хармонизирани“ напори во спротивставувањето на насилниот екстремизам и тероризмот како колективно тело.

Ние предлагаме да се зајакнат интеринституционалните работни групи (на државно и општинско ниво, кога е соодветно) за планирање, имплементирање, проценување и препорачување прераспределба на ресурси до државните власти ... како и да се надгледува „фузијата“ на информации и подобрената интеграција за определени тематски области на „трансформативни ефекти“.

## ПРИОРИТИЗИРАЊЕ

НКСНЕБПТ, работејќи со претставниците од сите институции и министерства од Владата на Република Македонија кои партиципираат во активностите за СНЕ и БПТ, има идентификувано пет (5) критични приоритети за „градење партнерски капацитети”, најсоодветни за непосредно инвестирање од страна на меѓународната донаторска заедница и за тематска експертиза и поддршка со техничка помош:

**Приоритети за финансирање за првата година, за СНЕ и БПТ:**

1. Натамошно јакнење на институционалните капацитети на НКСНЕБПТ
2. Подобрена стандардизација ширум регионалните платформи за споделување податоци, вклучувајќи и обработка на податоците; Создавање динамичка програма и база на податоци врз основа на мрежна анализа, за мапирање на заканите што ескалираат
3. Основање Акциони тимови во заедниците (АТЗ) за подобрување на соработката меѓу државните и локалните власти и локалните заедници, подобрена обука за полициско работење во заедницата и присуство
4. Основање клучни Интегрирани специјални групи (Integrated Task Forces (ITFs), вклучувајќи и македонски Joint тероризам Task Force (МКД-JTTF) за подобрена контрола на гранична област и за превенција и одговор на кризни акции
5. Основање Државни работни групи (ДРГ) за фокусирано мултиагенциско делување околу следново: Основање на Регионална стратегија за СНЕ и СТ за Западниот Балкан, предводена од МКД; Завршување на цлосен систем за надзор и контрола на границите

Проектирајќи натамошно градење капацитети врз основа на потребите и барањата, НКСНЕБПТ ја идентификуваше следнава композиција на специфични цели за СНЕ и БПТ (и соодветни мерливи активности) како врвни приоритети за целите во годините 2 до 5:

**Приоритети за финансирање за годините 2 до 5, за СНЕ и БПТ:**

- Превенирање на радикализација и регрутирање терористи преку јакнење на билатералната, регионалната и меѓународната соработка {БПТ СТРАТЕШКА ЦЕЛ: 1.5; СНЕ СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.2}
- Јакнење на капацитетите на институциите за справување со „странските терористички борци" {БПТ СТРАТЕШКА ЦЕЛ: 1.4} во врска со утврден сет на мерки за рана детекција на радикализацијата {СНЕ СТРАТЕШКА ЦЕЛ: 3.1}
- Превенирање радикализација преку Интернет {БПТ СТРАТЕШКА ЦЕЛ: 1.3; СНЕ СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.4}
- Превенирање на финансирање на тероризмот {БПТ СТРАТЕШКА ЦЕЛ: 1.2}
- Подобрување на капацитетите преку вршење проценки, анализи и истражувања поврзани со радикализацијата и тероризмот {БПТ СТРАТЕШКА ЦЕЛ: 1.6; СНЕ СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.1}
- Зајакнување на системите за контрола на државната граница {БПТ СТРАТЕШКА ЦЕЛ: 2.1}
- Подобрување на меѓувладината координација {БПТ СТРАТЕШКА ЦЕЛ: 4.3; СНЕ СТРАТЕШКА ЦЕЛ: 4.3}
- Зајакнување на капацитетите на релевантните институции да одговорат на терористички напад {БПТ СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.1; СНЕ СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.3}

## МОНИТОРИНГ и ЕВАЛУАЦИЈА ЗА СНЕ

Одговорните институции се задолжени да ги исполнуваат обврските од Акциските планови за имплементација на предвидените мерки и активности. Одговорните институции ќе поднесуваат извештај за нивото на реализација до НКСНЕБПТ.

НКСНЕБПТ ќе ја информира Владата на Република Македонија, еднаш годишно, за статусот на остварување на активностите предвидени со Националните стратегии, односно Акциските планови.

Извештајот ќе содржи и заклучоци за другите релевантни институции кои не ги оствариле активностите според временскиот распоред дефиниран во Акцискиот план.

Надзорни тела за имплементацијата на мерките и активностите за спречување на насилен екстремизам ќе бидат дефинирани во рамки на Министерство за образование и наука, Министерство за локална самоуправа, ЗЕЛС, Министерство за труд и социјална политика, Агенција за млади и спорт, Комисија за односи меѓу верските заедници и религиозни групи, како и другите вклучени институции во работата на Националниот комитет.

МЕРЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ: Целта на процесот на проценка е двострана: 1) на носителите на одлуки во Република Македонија да им се дадат неопходните информации за приоритизирање и директна распределба на ресурсите и напорите, и 2) да се информираат носителите на одлуки на национално ниво, преку интегрирано известување.

## РЕКАЛИБРАЦИЈА

Стратегијата предвидува имплементација на планираните активности и мерки во периодот од пет (5) години, т.е., 2018-2022.

Средствата потребни за имплементација на оваа стратегија ќе бидат покриени со проекти и од буџетот на Република Македонија, за што дополнително ќе се направи финансиска проценка, како и од меѓународна донаторска поддршка.

Усогласување на ресурсите – два генерални принципи:

- Туркање на отчетното донесување одлуки за ресурсите најдолу, до најниското можно оперативно ниво; и
- Максимизирање на компаративната предност на секој тип на ресурсни алатки.

## ХОЛИСТИЧКА АГЕНДА ЗА ДЕЛУВАЊЕ: Акциско планирање за „сеопфатно“ спречување на насилниот екстремизам и борба против тероризмот

Како што почнува овој стратешки документ, така и завршува: со дискусија за императивите на правењето разлика меѓу целите, начините и методите, и средствата за спречување на насилниот екстремизам и борба против тероризмот со истовремено градење и изнаоѓање ресурси за имплементација на Акциските планови со сеопфатна и холистичка филозофија и множество пристапи за нивно превенирање, спречување и борба.

Пристапот на Република Македонија кон овие Национални стратегии, и поважно, кон соодветните Акциски планови, повикуваат и ги претставуваат намерите и напорите кон *балансирана имплементација* на Националните стратегии на Република Македонија за спречување на насилен екстремизам и тероризам… доследно со пристапот кон принципите на стратегии и акциското планирање на Обединетите нации и Европската Унија.

Како што се преточуваат Националните стратегии во акција, Република Македонија ќе продолжи со нашите организирани напори да се спротивстави кон насилниот екстремизам, во неговите корени и точките на настанување, со особено внимание и напори свртени кон

подготвеност, превенција, и одговор. Република Македонија е посветена на проширувањето на одговори, за раното ангажирање кон ризиците и заканите, и третирањето на двигателите на насилниот екстремизам; и фактори што често водат кон тероризмот и терористичките активности.

Република Македонија ќе го надополни спречувањето на насилниот екстремизам со превентивни мерки. Земањето на превенцијата како интегрален дел од сеопфатиотн пристап, ќе помогне во зафаќањето со предусловите што ги наведуваат поединците да се приклучат на насилните екстремистички групи; сам по себе, превентивниот пристап за борба против тероризмот е ориентиран  на „рани знаци“: Како и со праксата на превенција воопшто, резултатите може да не се веднаш видливи и ќе бараат наш долгорочен и трпелив ангажман.[18]




[18] Изведено од „Стратегијата на Обединетите нации за спротивставување на тероризмот, Акциски план за превенција на насилниот екстремизам,” *Извештај на Генералниот секретар,* , 24 декември 2015, стр. 10.